„ОДРЖЛИВА СРЕДИНА И ЕФЕКТИВЕН РАЗВОЈ ЗА МЛАДИТЕ"
("Sustainable Environment and Efficient Development for youth - SEED4Youth")

SEED4Youth



# ПОЗИЦИСКИ ДОКУМЕНТ

European Commission

ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

## ВОВЕД:

Коалиција на младински организации СЕГА, заедно со своите локални волонтери, спроведи низа активности кои беа дел од солидарниот проект ***„Одржлива средина и ефективен развој за младите“***. Проектот е финансиски поддржан од Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност, преку Европски Солидарен Корпус.

## ОПШТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ:

Зголемена свест и граѓанско учество на младите во демократскиот живот во општина Прилеп.

## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ:

- обезбедување на можности на младите да се вклучат во активности на пет различни теми, преку кои волонтерите на СЕГА и локалните млади би биле мост помеѓу предизвиците и развојот на заедницата;
- подигање на свеста кај локалното населението за важноста на учеството на младите во демократскиот живот и процеси, промоција на Европските вредности, мотивирање на локалната заедница да стане подобро информирана и дигитално подготвена, со што би придонело за превенција од пандемијата;
- адресирање на потребите и клучните предизвици во нашата заедница преку спроведените активности со младите, како и промовирање на истите преку Позициски Документ.



## ПОЗИЦИЈА:

Граѓанското учеството на младите во демократските процеси на ниво на општина Прилеп е од посебна важност и претставува еден вид на клучна алатка за надминување на предизвиците и проблемите на локално ниво, со кои се соочуваат граѓаните. Преку нивно активно вклучување и информирање за различните процеси, младите ќе станат мост помеѓу предизвиците на заедницата и развојот на заедницата. Младите ќе ја мотивираат заедницата да стане поактивна во демократскиот живот, поинформирана и дигитално подготвена, како и во делот на промовирање и подигање на свеста за заштитата на животната средина.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА:

Младите средношколци од Прилеп имаа можност да учествуваат на серија работилници („Дигитални алатки“, еколошката акција „Потрага по одржливост“, „Демократијата на секојдневниот живот“, „Европски вредности“ и „Климатски промени“) и воедно имаа можност да ги искажат своите ставови и мислења. Активностите беа реализирани од локални волонтери на Коалиција СЕГА, кои непосредно, преку активностите поттикнуваа и дигитално младинско учество.

Преку работилниците беа опфатени околу 160 средношколци. Согласно податоците од спроведените активности на локалните волонтери со поддршка од Коалиција СЕГА се констатира дека:

- **75%** од средношколците сметаат дека младите би биле поактивни граѓани во општина Прилеп доколку јавните институции на своите веб страни имаат прилагодено секција со информации кои ги засегаат и се релевантни за младите;



- **87%** од средношколците се согласуваат дека дигиталните алатки се корисни при образовниот процес;
- **81%** од младите сметаат дека младите би биле поактивни граѓани во општина Прилеп доколку има повеќе неформални образовни можности за едукација на теми поврзани со демократија;
- **48%** од средношколците одговорија со „неутрален/на“ на прашањето „Сметам дека европските вредности се застапени во мојата средина. (мојот дом, населба, училиште, општина...)“;
- **94%** од средношколците сметаат дека климатските промени се застапени во нашата локална средина и за истите треба и младите да бидат вклучени, со цел да заштита на градот.

## ПРЕПОРАКИ:

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, локалните волонтери и учесниците на активностите во рамки на проектот, ги дефинираа следните препораки наменети до креаторите на младински политики на локално ниво:

- средствата во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво, што треба да ги одвојува општината од буџетот, согласно Член 25 од Законот за млади и младински политики, буџетот да биде транспарентен и објавен на веб страната на општината;
- формирање на локален младински совет, со цел младите да го уживаат нивното учество на локално ниво и каде ставовите и мислењата на учениците може да бидат слушнати;
- на веб страната од општината да има секција за младите, каде ќе бидат споделувани објави и вести кои се релевантни за младите и кои ќе бидат пишувани на младинско разбирлив јазик;



- општината да обезбеди услови за формирање на Клуб на млади екологисти во секое училиште и истото да биде консултирано и поддржано во процесите на локално ниво;
- организирање на еколошки кампањи и еколошки акции за зголемување на свеста на граѓаните за екологија;
- активирање на младите екологисти за истражување и промоција на последиците од климатските промени на локално ниво.



***Документот со препораки е подготвен во рамки на проектот „Одржлива средина и ефективен развој за младите“. Проектот е финансиски поддржан од Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност, преку Европски Солидарен Корпус.***